**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

**УНИВЕРЗИТЕТ„ СВ.КИРИЛ И МЕТОДИЈ“ ВО СКОПЈЕ**

**ШУМАРСКИ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ**

**Бр.02-375/3**

**28.06.2018 година**

Врз основа на член 36 од Правилникот за внатрешните односи и работењето на Шумарски факултет во Скопје во состав на Универзитеот „Св.Кирил и Методиј„ во Скопје-пречистен текст (Универзитетски гласник број 267/2013 ), Наставно-научниот совет при УКИМ-Шумарски факултет-Скопје на својата **7-ма(седма) редовна** седница одржана на ден 28.06.2018 година ја донесе следната:

**О Д Л У К А**

**За донесување на Академски календар за студентите од прв циклус на студии при УКИМ-Шумарски факултет за академската 2018/2019 година**

**Член 1**

**Се донесува Академски календар за студентите од прв циклус на студии при УКИМ-Шумарски факултет за академската 2018/2019 година.**

**Член 2**

**Составен дел на одлуката е текстот на Студентскиот календар.**

**Член 3**

**Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се применува од 01.10.2018 година.**

**Доставено до:** архива, студентски прашања, продекан за настава,секретар

**ДЕКАН**

**Проф.д-р Кирил Сотировски**

Во согласност со член 222, став 5 од Статутот на Универзитетот „Св.Кирил и Методиј“ во Скопје – пречистен текст, 24 јули 2013 година, донесениот Универзитетски календар на активности и неработни денови во учебната 2018/2019 година од страна на Универзитетскиот сенат, член 36 од Правилникот за внатрешните односи и работењето на Шумарски факултет во Скопје во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” во Скопје -пречистен текст (Универзитетски гласник број 267/2013 година), Наставно научниот совет на Шумарски факултет на својата 7 (седма) редовна седница одржана ден **28.06.2018** година донесе

# АКАДЕМСКИ КАЛЕНДАР

## УНИВЕРЗИТЕТ „Св.КИРИЛ И МЕТОДИЈ“ ВО СКОПЈЕ

## ШУМАРСКИ ФАКУЛТЕТ – СКОПЈЕ

## За учебната 2018/2019

| Месец | Датум | Активност | Опис |
|---|---|---|---|
| август | До 20.08.2018 | Распоред за испити | Објавување распоред за полагање испити по предметни програми за трета (есенска) испитна сесија од учебната 2017/2018 година. Распоредот на испити се објавува на web страната на факултетот. |
| | 20-23.08.2018 (понеделник-четврток) | Пријавување испити за третата (есенска) испитна сесија од учебната 2017/2018 година | Студентите испитите ги пријавуваат во електронска и материјална форма. Во оваа сесија можат да се полагаат предмети кои се слушани во претходниот зимски и/или летен семестар. За пријавување испити студентите вршат уплата согласно ценовникот на факултетот. |
| септември | 3-25.09. 2018 | Трета (есенска) испитна сесија од учебна 2017/2018 | Спроведување на испитите. За секоја предметна програма се објавуваат по два термина а студентот, по негов избор, може да се јави на испит само во едниот термин. |
| | До 17.09.2018 | Распоред на часови | Објавување распоред на часови за зимскиот семестар од учебната 2018/2019 година Распоредот се објавува на web страната на факултетот. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | 17-28.09.2018 | Запишување зимски семестар во учебната 2018/2019 | Согласно Правилата за студирање на прв и втор циклус студии студентите пријавуваат (запишуваат) предмети кои ќе ги слушаат во зимскиот семестар. При изборот на предметите (изборните предмети) студентите се раководат и од објавениiот распоред на часови за да евентуално не пријават предмети кои со распоредот се предвидени да се слушаат во ист термин. |
| октомври | 1.10.2018 (понеделник) | Почеток на учебната 2018/2019 година | Започнување со настава по предмети во зимскиот семестар од учебната 2018/2019 година. |
| ноември | 29-31.10.2018 (понеделник-среда) | Пријавување испити за дополнителна ноемвриска сесија | Студентите испитите ги пријавуваат во електронска и материјална форма.<br>Во оваа сесија можат да се полагаат само предмети кои се слушани во претходниот летен семестар.<br>Секој студент може да пријави најмногу 2 предмета.<br>За пријавување испити студентите вршат уплата согласно ценовникот на факултетот. |
| | 5-9.11.2018 (понеделник-петок) | Дополнителна ноемвриска сесија | Спроведување на испитите. Распоредот на испити се објавува на web странатa на факултетот.<br>Во оваа сесија за секоја предметна програма се објавува по еден термин. |
| декември | 19.12.2018 (среда) | Доделување дипломи | Свечено доделување дипломи на студентите кои завршиле прв и втор циклус студии во периодот 16 ноември 2017 – 15 ноември 2018 |
| јануари | 11.01.2019 (петок) | Завршување на наставата во зимскиот семестар | Завршеток на сите предвидени активности по предметните програми (теоретска и практична настава, изготвени елаборати, завршени парцијални испити, објавен извештај за постигнатите резултати на студентите) |
| | 8-11.01.2019 (вторник-петок) | Собирање потписи - Потврдување на завршени обврски по предметни програми | Со потпис во електронскиот и материјалниот индекс професорите потврдуваат дека студентот ги завршил обврските околу наставната предвидени согласно акредитираната |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | | предметна програма. |
| | До 11.01.2019 | Распоред за полагање испит | Објавување распоред за полагање испити по предметни програми за прва (зимска) испитна сесија од учебната 2018/2019 година.<br>Распоредот на испити се објавува на web страната на факултетот. |
| | 14-18.01.2019 (понеделник-петок) | Пријавување испити за прва (зимска) испитна сесија | Студентите испитите ги пријавуваат во електронска и материјална форма.<br>Во оваа сесија можат да се полагаат предмети кои се слушани во претходниот зимски и/или летен семестар.<br>За пријавување испити студентите вршат уплата согласно ценовникот на факултетот. |
| јануари/ февруари | 21.01.- 08.02.2019 | Прва (зимска) испитна сесија | Спроведување на испитите.<br>За секоја предметна програма се објавуваат по два термина а студентот, по негов избор, може да се јави на испит само во едниот термин. |
| февруари | До 04.02.2019 | Распоред на часови | Распоред на часови за летниот семестар од учебната 2018/2019. |
| | 04-15.02.2019 (пон-петок) | Заверка на Зимски семестар | По потврдувањето на завршени обврски за пријавените предмети во зимскиот семестар (добиени потписи од предметните наставници) студентите го заверуваат семестарот. |
| | 04-15.02.2019 (понеделник-петок) | Запишување Летен семестар | Согласно Правилата за студирање на прв и втор циклус студии студентите пријавуваат (запишуваат) предмети кои ќе ги слушаат во летниот семестар. При изборот на предметите (изборните предмети) студентите се раководат и од објавенииот распоред на часови за да евентуално не пријават предмети кои со распоредот се предвидени да се слушаат во ист термин. |
| | 18.02.2019 (понеделник) | Започнување на Летен семестар | Започнување со реализација на теоретска, практична и теренска настава, проектни активности, изработка на елаборати, континуирана проверка на знаење. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| април | 1,2,3,.04.2019 (понеделник-среда) | Пријавување испити за дополнителна априлска сесија | Студентите испитите ги пријавуваат во електронска и материјална форма.<br>Во оваа сесија можат да се полагаат само предмети кои се слушани во претходниот зимски семестар.<br>Секој студент може да пријави најмногу 2 предмета.<br>За пријавување испити студентите вршат уплата согласно ценовникот на факултетот. |
| | 8-12.04.2019 (понеделник-петок) | Дополнителна априлска сесија | Спроведување на испитите. Распоредот на испити се објавува на web страната на факултетот. Во оваа сесија за секоја предметна програма се објавува по еден термин. |
| мај | 31.05.2019 (петок) | Завршување на наставата во летниот семестар | Завршеток на сите предвидени активснисти по предметните програми (теоретска и практична настава, парцијални испити, теренска настава, објавен извештај за постигнатите резултати на студентите) |
| | 27-31.05.2019 (понеделник-петок) | Собирање потписи - Потврдување на завршени обврски по предметни програми | Со потпис во електронскиот и материјалниот индекс професорите потврдуваат дека студентот ги завршил обврските околу наставната предвидени со акредитираната предметна програма. |
| | До 31.05.2019 | Распоред за полагање испит | Објавување распоред за полагање испити по предметни програми за втората (летна) испитна сесија од учебната 2018/2019 година.<br>Распоредот на испити се објавува на web страната на факултетот. |
| | 3-7.06.2019 (понеделник-петок) | Пријавување испити за втора (летна) испитна сесија | Студентите испитите ги пријавуваат во електронска и материјална форма.<br>Во оваа сесија можат да се полагаат предмети кои се слушани во претходниот летен и/или зимски семестар.<br>За пријавување испити студентите вршат уплата согласно ценовникот на факултетот. |
| | 10-28.06.2019 | Втора (летна) испитна сесија | Спроведување на испитите.<br>За секоја предметна програма се објавуваат по два термина а студентот, по негов избор, може да се јави на испит само во едниот термин. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | До 19.08.2019 | Распоред за полагање испит | Објавување распоред за полагање испити по предметни програми за трета (есенска) испитна сесија од учебната 2018/2019 година.<br>Распоредот на испити се објавува на web страната на факултетот. |
| август | 19-23.08.2019 (понеделник-петок) | Пријавување испити за трета (есенска) испитна сесија | Студентите испитите ги пријавуваат во електронска и материјална форма.<br>Во оваа сесија можат да се полагаат предмети кои се слушани во претходниот летен и/или зимски семестар.<br>За пријавување испити студентите вршат уплата согласно ценовникот на факултетот. |
| | 26.08.2019 до 27.09.2019 | Трета (есенска) испитна сесија | Спроведување на испитите.<br>За секоја предметна програма се објавуваат по два термина а студентот, по негов избор, може да се јави на испит само во едниот термин. |
| | До 20.09.2019 | Распоред на часови | Објавување распоред на часови за зимскиот семестар од учебната 2019/2020 година |
| септември | 16-30.09.2019 | Заверка на Летен семестар | По потврдувањето на завршени обврски за пријавените предмети во летниот семестар (добиени потписи од предметните наставници) студентите го заверуваат семестарот. |
| | 16-30.09.2019 | Запишување зимски семестар во учебната 2019/2020 | Согласно Правилата за студирање на прв и втор циклус студии студентите пријавуваат (запишуваат) предмети кои ќе ги слушаат во летниот семестар. При изборот на предметите (изборните предмети) студентите се раководат и од објавенииот распоред на часови за да не пријават предмети кои со распоредот се предвидени да се слушаат во ист термин. |

## НЕРАБОТНИ ДЕНОВИ ВО УЧЕБНАТА 2018/2019

| Месец | Датум | Опис | Празник |
|---|---|---|---|
| септември | 19.09.2018 (среда) | Неработен ден за припадниците на еврејската заедница во Македонија | Првиот ден на Јом Кипур |
| | 28.09.2018 (петок) | Неработен ден за припадниците на бошначката заедница во Македонија | Меѓународен ден на Бошнаците |
| октомври | 11.10.2018 (четврток) | Неработен ден за сите граѓани на Македонија | Ден на народното востание. |
| | 23.10.2018 (вторник) | Неработен ден за сите граѓани на Македонија | Ден на Македонската Револуционерна Борба |
| ноември | 1.11.2018 (четврток) | Неработен ден за припадниците на католичка вероисповест | Празник на Сите Светци |
| | 22.11.2018 (четврток) | Неработен ден за припадниците на албанската заедница во Македонија | Ден на Албанската азбука |
| декември | 8.12.2018 (сабота) | Неработен ден за сите граѓани на Македонија | „Св.Климент Охридски“ |
| | 21.12.2018 (петок) | Неработен ден за припадниците на турската заедница во Македонија | Ден на настава на турски јазик |
| | 25.12.2018 (вторник) | Неработен ден за припадниците на католичка вероисповест | Првиот ден Божик |
| јануари | 1.01.2019 (вторник) | Неработен ден за сите граѓани на Македонија | Нова година. |
| | 6.01.2019 (понеделник) | Неработен ден за граѓаните од православна вероисповед | Бадник |
| | 7.01.2019 (вторник) | Неработен ден за сите граѓани на Македонија | Прв ден Божик |
| | 19.01.2019 (сабота) | Неработен ден за граѓаните од православна вероисповед | Богојавление (Водици) |
| | 27.01.2019 (недела) | Неработен ден за граѓаните припадниците на српската заедница во Македонија | Свети Сава |
| април | 8.04.2019 (понеделник) | Неработен ден за припадниците на ромската заедница во македонија | Меѓународен ден на Ромите |
| | 22.04.2019 (понеделник) | Неработен ден за граѓаните од католичка вероисповед | Вториот ден на Велигден |
| | 26.04.2019 (петок) | Неработен ден за граѓаните од | Велики Петок |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | православна вероисповед | |
| | 29.04.2019 (понеделник) | Неработен ден за сите граѓани на Македонија | Вториот ден на Велигден |
| мај | 1.05.2019 (среда) | Неработен ден за сите граѓани на Македонија | Ден на трудот |
| | 23.05.2019 (четврток) | Неработен ден за припадниците на влашката заедница во Македонија | Национален ден на Власите |
| | 24.05.2019 (петок) | Неработен ден за сите граѓани на Македонија | „Св.Кирил и Методиј“, Ден на сесловенските просветители |
| јуни | 4.06.2019 (вторник) | Неработен ден за сите граѓани на Македонија | Рамазан Бајрам, првиот ден на Рамазан Бајрам |
| | 14.06.2019 (петок) | Неработен ден за граѓаните од православна вероисповед | Духовден |
| август | 2.08.2019 (петок) | Неработен ден за сите граѓани на Македонија | Илинден |
| | 11.08.2019 (недела) | Неработен ден за граѓаните од муслиманска вероисповед | Првиот ден на Курбан Бајрам |
| | 28.08.2019 (среда) | Неработен ден за граѓаните од православна вероисповед | Успение на Пресвета Богородица (Голема Богородица) |
| септември | 8.09.2019 (Недела) | Неработен ден за сите граѓани на Македонија | Ден на независноста |
| | 28.09.2019 (сабота) | Неработен ден за припадниците на бошначката заедница во Македонија | Меѓународен ден на Бошнаците |